**20151293786**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 2015 година.

Бр. 08-3426/1
30 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

Член 1

Во Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13,164/13, 158/14 и 15/15), во член 52 во ставот (10) „тужба за поведување управен спор” се заменуваат со зборовите „жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка”.

Член 2

Насловот пред член 54 и членот 54 се менуваат и гласат:

„Спроведување на забрзани постапки

Член 54

(1) Ако инспекторот на труд утврди прекршок од членовите 56, 57 и 58 од работодавачот ќе му понуди прекршочен платен налог на износ согласно Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2)Ако работодавачот го повтори прекршокот од членовите 56, 57 и 58 од овој закон, во рок од една година од денот на сторувањето на прекршокот, инспекторот на труд со решение ќе забрани работа кај работодавачот во работната просторија, односно работниот простор во траење од 30 дена и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со закон.

(3) Жалбата против решението на инспекторот на труд од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.”

Член 3

По членот 54 се додава нов член 54-а кои гласи:

„Член 54-а

(1)Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2)Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3)Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4)Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог. “

Член 4

Во член 56 ставот (2) се менува и гласи:

„(2)Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Во ставот (3) бројот „700” се заменува со зборовите „100 до 150”.

Член 5

Во член 57 ставот (2) се менува и гласи :

„(2)Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Во ставот (3) бројот „1.500” се заменува со зборовите „200 до 300”.

Член 6

Во член 58 во став (1) зборовите „ 5.000 до“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2)Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.”

Во ставот (3) зборовите „4.000 до 5.000” се заменува со зборовите „800 до 1.200”.

Член 7

Членот 59 се менува и гласи:

„Мандатен платен налог од 50 евра во денарска проттивредност ќе му се изрече на вработен, ако не ги почитува пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа и не ја користи пропишаната опрема за лична заштита (член 41 ставови (1) и (2)).

Член 8

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 9

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.



www.pravdiko.mk

Член 10

Се овластува Законодавно правната Комисија на Собранието на Република Македонија да изготви пречистен текст на Законот за безбедност и здравје при работа.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.



www.pravdiko.mk